Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# УКАЗ
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ВЛАДАТА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската влада и Владата на Сојузна Република Германија за поттикнување и заемна заштита на инвестициите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 февруари 1997 година.

Број 08-520/1
19 февруари 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

# ЗАКОН
# ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ВЛАДАТА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

Член 1

Се ратификува Спогодбата меѓу Македонската влада и Владата на Сојузна Република Германија за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, склучена на 10 септември 1996 година во Охрид.

Член 2

Спогодбата во оригинал на македонски и германски јазик гласи:

## *СПОГОДБА*
## *МЕЃУ*
## *МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА*
## *И*
## *ВЛАДАТА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА*
## *ЗА*
## *ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАЕМНА ЗАШТИТА*
## *НА ИНВЕСТИЦИИТЕ*

***Македонската Влада***

***и***

***Владата на Сојузна Република Германија,***

со желба да се продлабочи меѓусебната стопанска соработка меѓу двете држави,

во настојувањето да се создадат поволни услови за инвестиции на инвеститори на едната држава на територијата на другата држава,

согледувајќи дека унапредувањето и договорната заштита на овие инвестиции придонесуваат да заживее приватната стопанска иницијатива и да се зголеми благосостојбата на двата народа,

се договорија за следново:

## Член 1

## Одредување на поимите

1. Изразот "инвестиција" опфаќа имоти од секаков вид, а особено:

   а) сопственост врз подвижни и недвижни ствари и други стварни права, како што се хипотеки и заложни права;

   б) права од удели и други видови на учества во друштва;

   в) парични побарувања или други исполнувања кои се во врска со одредена инвестиција;

   г) права од интелектуална сопственост, како што се особено авторски права, патенти, мостри за употреба, индустриски мостри и модели, марки, трговски имиња, производни и деловни тајни, технички процеси, know-how и good will;

   д)јавно-правни концесии, вклучувајќи ги концесиите за истражување и експлоатација.

   Промената на формата во која се вложуваат имоти не го менува нивното својство како инвестиција. Поимот "инвестиции" не опфаќа побарувања од трговски зделки, чиј предмет е стекнување стоки или услуги, или кредити, доколку не се работи за заеми кои според намената и обемот имаат карактер на учество (заеми слични на учества).

2. Изразот "приходи" ги опфаќа износите кои произлегуваат од инвестиција, особено удели во добивката, камати, дивиденди, лиценцни и други надоместоци.

3. Изразот "инвеститор" опфаќа "државјани" и "друштва" на двете договорни страни, како што следи:

   а) "државјани":

   - во однос на македонските државјани: државјани на македонската Република,
   - во однос на германските државјани: Германци во смисла на Основниот закон на Сојузна Република Германија;

   б) "друштва", во однос на двете договорни страни:

   секое правно лице, како и секое трговско друштво или друго друштво или здружение, со или без статус на правно лице, чие седиште е на територијата на соодветната договорна страна, без оглед на тоа дали неговата дејност е насочена кон остварување добивка.

Независно од други постапки за утврдување на државјанството, за државјанин на една од договорните страни се смета особено секое

лице кое поседува национален пасош издаден од надлежните органи на соодветната договорна страна.

4. Изразот "територија" ја опфаќа:

а) во однос на македонската територија:

македонската територија на копно, вода и во воздух, врз која македонската Влада остварува суверени права и јурисдикција во согласност со меѓународното право;.

б) во однос на германската територија:

германската територија, како и подрачјата на исклучивата стопанска зона и на епиконтиненталниот појас, колку што со меѓународното право е дозволено остварувањето на суверени права или на јурисдикција во овие подрачја.

**Член 2**

**Поттикнување и одобрување на инвестиции**

(1) Секоја договорна страна на својата територија, по можност, ќе ги поттикнува инвестициите на инвеститорите на другата договорна страна и ќе ги одобрува таквите инвестиции во согласност со своите правни прописи. Таа во секој случај ќе ги третира инвестициите праведно и правично.

(2) Едната договорна страна нема на било каков начин да го ограничува управувањето, одржувањето, употребата или користењето на инвестициите на инвеститори на другата договорна страна на нејзината територија преку произволни или дискриминаторски мерки.

(3) Инвестиции кои во согласност со прописите на едната договорна страна се извршени на нејзината територија од инвеститори на другата договорна страна, уживаат целосна заштита од оваа Спогодба. Истото важи за приходи од инвестицијата, како и за нивните приходи во случај на нивно реинвестирање.

(4) При превоз на стоки и лица кој е во врска со одредена инвестиција едната договорна страна нема да ги исклучува ниту да ги попречува транспортните претпријатија на другата договорна страна и, ако е неопходно, ќе издава дозволи за извршување на транспортот.

**Член 3**

**Третман на инвестициите и на инвеститорите**

(1) Секоја договорна страна ќе ги третира инвестициите на нејзината територија кои се во сопственост или под влијание на инвеститори на другата договорна страна, не понеповолно од инвестициите на сопствените инвеститори или инвестициите на инвеститори на трети држави. Истото важи и за дејностите на инвеститорите во врска со одредена инвестиција.

(2) Третманот според став 1 нема да се применува врз привилегии кои една договорна страна им ги пружа на инвеститори на трети држави

врз основа на нивното членство во царинска или економска унија, во заеднички пазар или во слободна трговска зона или поради нивното асоцирање со нив. Истото важи и за повластици врз основа на постоечки или идни спогодби за избегнување на двојното оданочување или на други спогодби за даночни прашања.

(3) За "дејност" во смисла на став 1 се смета особено, но не исклучиво, управувањето, одржувањето, употребата и користењето на инвестиции. За "понеповолен" третман во смисла на став 1 особено се смета: различен третман во случај на ограничувања на набавката на суровини или на помошни материјали, енергија и горива, како и на средства за производство и погонски средства од секаков вид, различен третман во случај на попречување на пласманот на производи во земјата и во странство, како и други мерки со сличен ефект. Мерки кои мораат да се преземат од причини на јавниот ред и мир, на здравјето на луѓето и на моралот не се сметаат за "понеповолен" третман во смисла на став 1.

(4) Одредбите на овој член не обврзуваат ниту една од договорните страни да прошири даночни повластици, ослободувања и намалувања кои според даночните закони им се одобруваат само на физички лица и друштва со седиште на нејзината територија, и на физички лица и друштва со седиште на територијата на другата договорна страна.

(5) Договорните страни во рамките на своите национални прописи добронамерно ќе ги разгледуваат барањата за влез и престој на лица на едната договорна страна кои сакаат да влезат на територијата на другата договорна страна во врска со одредена инвестиција; истото важи за вработени на едната договорна страна кои во врска со одредена инвестиција сакаат да влезат и да престојуваат на територијата на другата договорна страна за да вршат дејност како вработени лица. Исто така, добронамерно ќе се разгледуваат и барањата за издавање на дозвола за работа.

**Член 4**

**Заштита на сопственоста**

(1) Секоја договорна страна ќе пружа на својата територија целосна заштита и сигурност за инвестициите на инвеститори на другата договорна страна, кои биле извршени во согласност со нејзините правни прописи.

(2) Инвестициите на инвеститори на едната договорна страна на територијата на другата договорна страна можат да бидат експроприрани, национализирани или подложени на други мерки чии последици се еднакви на експропријацијата или на национализацијата, само во интерес на општото добро и со обештетување. Обештетувањето мора да одговара на пазарната вредност на отуѓената инвестиција непосредно пред моментот кога фактичката или претстоечката експропријација, национализација или слична мерка станала позната во јавноста. Обештетувањето мора да се изврши веднаш и се окаматува до моментот на исплатата со вообичаената банкарска каматна стапка која не смее да биде пониска од ЛИБОР-стапката. Тоа мора да биде

ефективно остварливо и слободно трансферабилно. Најдоцна во моментот на експропријацијата, на национализацијата или на сличната мерка, мора на погоден начин да бидат преземени превентивни мерки за утврдување и извршување на обештетувањето. Мора да постои можност законитоста на експропријацијата, на национализацијата или на сличната мерка и висината на обештетувањето да се проверат во редовна правна постапка.

(3) Право на обештетување постои и тогаш кога со државни мерки се зафаќа во претпријатието кое е предмет на инвестицијата и со тоа значително се ограничува неговата економска супстанца.

(4) Инвеститорите на едната договорна страна, кои поради војна или друг вооружен судир, револуција, вонредна состојба или бунт на територијата на другата договорна страна ќе претрпат загуба на инвестиции, од таа договорна страна ќе бидат третирани не понеповолно во поглед на реституцијата, компензацијата, обештетувањето или други надоместоци, отколку нејзините сопствени инвеститори. Ваквите плаќања мора да бидат слободно трансферабилни.

(5) Во поглед на работите уредени со овој член инвеститорите на едната договорна страна го уживаат третманот на најповластена нација на територијата на другата договорна страна.

**Член 5**

**Трансфер**

Секоја договорна страна им гарантира на инвеститорите на другата договорна страна слободен трансфер на плаќањата во врска со одредена инвестиција, а особено на:

а) капиталот и дополнителните износи за одржување и проширување на инвестицијата;

б) приходите во смисла на член 1, точка 2;

в) износите за отплата на кредити кои се одобруваат во однос на инвестиции;

г)паричните средства во случај на целосна или делумна ликвидација или отуѓување на инвестицијата;

д) обештетувањата предвидени во член 4;

ѓ) приходите од дејност која е во врска со одредена инвестиција.

**Член 6**

**Суброгација**

Ако една од договорните страни или некое од неа овластено трето лице изврши плаќања на своите инвеститори врз основа на гаранција за одредена инвестиција на територијата на другата договорна страна, тогаш другата договорна страна го признава преносот на сите права, побарувања и обврски на овие инвеститори по силата на законот или врз основа на правна зделка во корист на првоименуваната договорна страна

или на третото лице овластено од неа, не навлегувајќи во правата на првоименуваната договорна страна од член 10. Понатаму, другата договорна страна ѝ го признава на првоименуваната договорна страна или на третото лице овластено од неа користењето на сите тие права, побарувања (пренесени побарувања) и обврски кои првоименуваната договорна страна или од неа овластеното трето лице има право да ги остварува во ист обем, како и нејзиниот правен претходник. За трансферот на плаќањата врз основа на пренесени побарувања соодветно важи член 4, став 2 до 4 и член 5.

### Член 7

### Спроведување на трансферот

(1) Трансферите според член 4, ставови 2 до 4, член 5 или 6 ќе се вршат неодложно во конвертибилна валута по важечкиот курс.

(2) Овој курс не треба значително да отстапува од вкрстениот курс (cross rate), кој се добива од оние пресметковни курсеви кои Меѓународниот монетарен фонд во моментот на плаќањето би ги зел за основа на пресметка на соодветните валути во специјални права на влечење.

(3) Како "неодложно" спроведен во смисла на став 1 се смета трансфер кој се врши во одреден рок кој вообичаено е потребен за почитување на формалностите за трансфер. Рокот започнува да тече со поднесувањето на соодветно барање и во никој случај не смее да биде подолг од два месеци.

### Член 8

### Поповолно право

(1) Ако од правните прописи на едната договорна страна или од меѓународно-правни обврски кои постојат или ќе се основаат покрај оваа Спогодба, произлегува некоја општа или посебна одредба со која на инвестициите на инвеститори на другата договорна страна треба да им се пружи поповолен третман од оној предвиден со оваа Спогодба, тогаш ваквата одредба има предност пред оваа Спогодба во тој обем во кој истата е поповолна.

(2) Секоја договорна страна ќе ја исполнува секоја друга обврска која ја презела во однос на инвестициите на инвеститори на другата договорна страна на својата територија.

### Член 9

### Примена на Спогодбата

Оваа Спогодба важи и за инвестиции кои инвеститорите на едната договорна страна ги извршиле во согласност со правните прописи на другата договорна страна на нејзината територија пред влегувањето во сила на оваа Спогодба. Ова не важи за спорови кои настанале пред влегувањето во сила на оваа Спогодба.

## Член 10

## Спорови меѓу договорните страни

(1) Спорови меѓу договорните страни во врска со толкувањето и примената на оваа Спогодба треба, колку што е можно, да бидат разрешени од страна на владите на двете договорни страни.

**(2) Ако некој спор не може да се разреши на овој начин, тој треба да се поднесе на арбитражен суд по барање на една од двете договорни страни.**

**(3) Арбитражниот суд ќе се формира од случај до случај, при што секоја договорна страна ќе именува по еден член, а двајцата членови ќе се договорат за државјанин на трета држава со која двете договорни страни одржуваат дипломатски односи, како претседател кој се именува од страна на владите на двете договорни страни. Членовите се именуваат во рок од два месеца, а претседателот во рок од три месеци откако едната договорна страна ја известила другата договорна страна дека сака спорот да го поднесе на арбитражен суд.**

(4) Во случај на непочитување на роковите наведени во став 3, во недостаток на друг договор секоја од договорните страни може да го замоли Претседателот на Меѓународниот суд да ги изврши потребните именувања. Ако Председателот има државјанство на една од двете договорни страни или ако е спречен од други причини, именувањето треба да го изврши Потпретседателот. Ако и Потпредседателот има државјанство на една од двете договорни страни или е исто така спречен, тогаш именувањето треба да го изврши следниот член на Судот по ранг кој нема државјанство на една од двете договорни страни.

(5) Арбитражниот суд одлучува со мнозинство гласови. Неговите одлуки се обврзувачки. Секоја договорна страна ги поднесува трошоците на својот член, како и на своето застапување во постапката пред арбитражниот суд; трошоците на Председателот, како и другите трошоци ги поднесуваат двете договорни страни во еднакви делови. Арбитражниот суд може да донесе одлука за поинаква распределба на трошоците. Инаку, арбитражниот суд сам ја уредува својата постапка.

(6) Ако двете договорни страни се и држави-потписнички на Конвенцијата за решавање на инвестициони спорови меѓу држави и припадници на други држави од 18 март 1965 година, тогаш, земајќи ја предвид одредбата на член 27 став 1 од Конвенцијата, предвидениот арбитражен суд не може да се свика ако меѓу инвеститорот на едната договорна страна и другата договорна страна е постигнат договор по член 25 од Конвенцијата. Со ова останува незасегната можноста да се свика горе предвидениот арбитражен суд во случај на непочитување на одлуката на арбитражниот суд од наведената Конвенција (член 27) или во случај на пренос по сила на закон или врз основа на правна зделка според член 6 од оваа Спогодба.

## Член 11

## Спорови меѓу едната договорна страна и инвеститори на другата договорна страна

(1) Спорови во врска со инвестиции меѓу една од договорните страни и инвеститор на другата договорна страна треба, колку што е можно, да бидат разрешени на пријателски начин меѓу страните во спорот.

(2) Ако спорот не може да се разреши во рок од шест месеци од моментот на неговото јавување од една од двете страни во спорот, тогаш по барање на инвеститорот на другата договорна страна тој ќе биде подложен на арбитражна постапка. Доколку страните во спорот не постигнат друг договор, тој ќе биде подложен на арбитражна постапка во рамките на Конвенцијата за решавање на инвестициони спорови меѓу држави и припадници на други држави од 18 март 1965 година.

(3) Арбитражната пресуда е обврзувачка и не подлежи на други правни средства или правни лекови, освен оние предвидени во наведената Конвенција. Таа ќе се изврши според националното право.

(4) Договорната страна која учествува во спорот, во текот на арбитражната постапка или за време на извршувањето на арбитражната пресуда, нема да изнесе како приговор дека инвеститорот примил обештетување за дел од штетата или за целата штета од осигурувањето.

## Член 12

## Натамошно важење на Спогодбата

Оваа Спогодба важи независно од тоа дали постојат дипломатски или конзуларни односи меѓу двете договорни страни.

## Член 13

## Траење и откажување на Спогодбата

(1) Оваа Спогодба влегува во сила еден месец од денот на кој двете влади меѓусебно се известиле дека се исполнети внатрешните услови за влегувањето во сила. Меродавен е денот на приемот на последната нотификација. Спогодбата останува во сила десет години; по нивниот истек времето на важење се продолжува на неограничено време доколку една од договорните страни писмено не ја откаже Спогодбата во рок од дванаесет месеци пред истекот. По истек на десет години Спогодбата може во секое време да биде откажана во рок од дванаесет месеци.

(2) За инвестиции кои биле извршени до моментот на престанувањето на важењето на оваа Спогодба важат членовите 1 до 12 за натамошните дваесет години од денот на престанувањето на важењето на Спогодбата.

(3) Со влегувањето во сила на оваа Спогодба меѓу договорните страни престанува да важи Спогодбата за заемна заштита и

поттикнување на инвестиции склучена на 10 јули 1989 година меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Сојузна Република Германија.

Составено во Охрид, на ден 10 септември 1996 година, во два оригинала, секој на македонски и германски јазик, при што секој од текстовите е еднакво обврзувачки.

За Македонската Влада
Министер за финансии
д-р Таки Фити, с.р.

За Владата на
Сојузна Република Германија
Амбасадор
д-р Клаус Шрамаер, с.р.

Abkommen
zwischen
der mazedonischen Regierung
und
der Regierung
der Bundesrepublik Deutschland
über
die Förderung und den gegenseitigen Schutz von
Kapitalanlagen

Die mazedonische Regierung
und
die Regierung der Bundesrepublik Deutschland -

in dem Wunsch, die wirtschaftliche Zusammenarbeit zwischen beiden Staaten zu vertiefen,

in dem Bestreben, günstige Bedingungen für Kapitalanlagen von Investoren des einen Staates im Hoheitsgebiet des anderen Staates zu schaffen,

in der Erkenntnis, daß eine Förderung und ein vertraglicher Schutz dieser Kapitalanlagen geeignet sind, die private wirtschaftliche Initiative zu beleben und den Wohlstand beider Völker zu mehren -

haben folgendes vereinbart:

Artikel 1
Begriffsbestimmungen

1. Der Begriff "Kapitalanlagen" umfaßt Vermögenswerte jeder Art, insbesondere:

a) Eigentum an beweglichen und unbeweglichen Sachen sowie sonstige dingliche Rechte wie Hypotheken und Pfandrechte;

b) Anteilsrechte und andere Arten von Beteiligungen an Gesellschaften;

c) Ansprüche auf Geld oder andere Leistungen, die im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage stehen;

d) Rechte des geistigen Eigentums, wie insbesondere Urheberrechte, Patente, Gebrauchsmuster, gewerbliche Muster und Modelle, Marken, Handelsnamen, Betriebs- und Geschäftsgeheimnisse, technische Verfahren, Know-how und Goodwill;

e) öffentlich-rechtliche Konzessionen einschließlich Aufsuchungs- und Gewinnungskonzessionen.

Eine Änderung der Form, in der Vermögenswerte angelegt werden, läßt ihre Eigenschaft als Kapitalanlage unberührt. Der Begriff "Kapitalanlagen" umfaßt nicht Forderungen aus Handelsgeschäften, die den Erwerb von Gütern oder Dienstleistungen zum Gegenstand haben, oder Kredite, sofern es sich nicht um Darlehen handelt, die nach Zweck und Umfang den Charakter einer Beteiligung haben (beteiligungsähnliche Darlehen).

2. Der Begriff "Erträge" umfaßt die Beträge, die auf eine Kapitalanlage anfallen, insbesondere Gewinnanteile, Zinsen, Dividenden, Lizenz- oder andere Entgelte.

3 Der Begriff "Investor" umfaßt "Staatsangehörige" und "Gesellschaften" beider Vertragsparteien wie folgt:

a) "Staatsangehörige:"

I.) in bezug auf mazedonische Staatsangehörige:
Staatsangehörige der mazedonischen Republik;

II.) in bezug auf deutsche Staatsangehörige:
Deutsche im Sinne des Grundgesetzes für die Bundesrepublik Deutschland,

b) "Gesellschaften" in bezug auf beide Vertragsparteien:

jede juristische Person sowie jede Handelsgesellschaft oder sonstige Gesellschaft oder Vereinigung mit oder ohne Rechtspersönlichkeit, die ihren Sitz im Hoheitsgebiet der jeweiligen Vertragspartei hat, gleichviel, ob ihre Tätigkeit auf Gewinn gerichtet ist oder nicht.

Unbeschadet anderer Verfahren zur Feststellung der Staatsangehörigkeit gilt insbesondere als Staatsangehöriger einer Vertragspartei jede Person, die einen von den zuständigen Behörden der betreffenden Vertragspartei ausgestellten nationalen Reisepaß besitzt.

4. Der Begriff "Hoheitsgebiet" umfaßt

a) in bezug auf das mazedonische Hoheitsgebiet:

das mazedonische Territorium zu Land, Wasser und in der Luft, in dem die mazedonische Regierung souveräne Rechte und Hoheitsbefugnisse in Übereinstimmung mit dem Völkerrecht ausübt.

b) in bezug auf das deutsche Hoheitsgebiet:

das deutsche Territorium sowie die Gebiete der ausschließlichen Wirtschaftszone und des Festlandsockels, soweit das Völkerrecht die Ausübung souveräner Rechte oder Hoheitsbefugnisse in diesen Gebieten erlaubt,

## Artikel 2
## Förderung und Zulassung von Kapitalanlagen

(1) Jede Vertragspartei wird in ihrem Hoheitsgebiet Kapitalanlagen von Investoren der anderen Vertragspartei nach Möglichkeit fördern und diese Kapitalanlagen in Übereinstimmung mit ihren Rechtsvorschriften zulassen. Sie wird Kapitalanlagen in jedem Fall gerecht und billig behandeln.

(2) Eine Vertragspartei wird die Verwaltung, die Verwendung, den Gebrauch oder die Nutzung der Kapitalanlagen von Investoren der anderen Vertragspartei in ihrem Hoheitsgebiet in keiner Weise durch willkürliche oder diskriminierende Maßnahmen beeinträchtigen.

(3) Kapitalanlagen, die in Übereinstimmung mit den Rechtsvorschriften einer Vertragspartei in ihrem Hoheitsgebiet von Investoren der anderen Vertragspartei vorgenommen sind, genießen den
vollen Schutz des Abkommens. Gleiches gilt für Erträge aus der Kapitalanlage und im Fall ihrer Wiederanlage auch deren Erträge.

(4) Bei Beförderungen von Gütern und Personen, die im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage stehen, wird eine Vertragspartei die Transportunternehmen der anderen Vertragspartei weder ausschalten noch behindern und, soweit erforderlich, Genehmigungen zur Durchführung der Transporte erteilen.

## Artikel 3
## Behandlung von Kapitalanlagen und Investoren

(1) Jede Vertragspartei behandelt Kapitalanlagen in ihrem Hoheitsgebiet, die im Eigentum oder unter dem Einfluß von Investoren der anderen Vertragspartei stehen, nicht weniger günstig als Kapitalanlagen der eigenen Investoren oder Kapitalanlagen von Investoren dritter

Staaten. Gleiches gilt für die Betätigung von Investoren im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage.

(2) Die Behandlung nach Absatz 1 findet keine Anwendung für Vorrechte, die eine Vertragspartei Investoren dritter Staaten aufgrund ihrer Mitgliedschaft in einer Zoll- oder Wirtschaftsunion, einem gemeinsamen Markt oder einer Freihandelszone oder wegen ihrer Assoziierung damit gewährt. Gleiches gilt für Vergünstigungen aufgrund von bestehenden oder zukünftigen Doppelbesteuerungsabkommen oder sonstiger Vereinbarungen über Steuerfragen.

(3) Als "Betätigung" im Sinne des Absatz 1 ist insbesondere, aber nicht ausschließlich, die Verwaltung, die Verwendung, der Gebrauch und die Nutzung einer Kapitalanlage anzusehen. Als eine "weniger günstige" Behandlung im Sinne des Absatz 1 ist insbesondere anzusehen: die unterschiedliche Behandlung im Falle von Einschränkungen des Bezugs von Roh- und Hilfsstoffen, Energie und Brennstoffen sowie Produktions- und Betriebsmitteln aller Art, die unterschiedliche Behandlung im Falle von Behinderungen des Absatzes von Erzeugnissen im In- und Ausland sowie sonstige Maßnahmen mit ähnlicher Auswirkung. Maßnahmen, die aus Gründen der öffentlichen Sicherheit und Ordnung, der Volksgesundheit oder Sittlichkeit zu treffen sind, gelten nicht als "weniger günstige" Behandlung im Sinne des Absatz 1.

(4) Die Bestimmungen dieses Artikels verpflichten eine Vertragspartei nicht, steuerliche Vergünstigungen, Befreiungen und Ermäßigungen, welche gemäß den Steuergesetzen nur den in ihrem Hoheitsgebiet ansässigen natürlichen Personen und Gesellschaften gewährt werden, auf im Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei ansässige natürliche Personen und Gesellschaften auszudehnen.

(5) Die Vertragsparteien werden im Rahmen ihrer innerstaatlichen Rechtsvorschriften Anträge auf die Einreise und den Aufenthalt von Personen der einen Vertragspartei, die im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage in das Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei einreisen wollen, wohlwollend prüfen; das gleiche gilt für Arbeitnehmer der einen Vertragspartei, die im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage in das Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei einreisen und sich dort aufhalten wollen, um eine Tätigkeit als Arbeitnehmer auszuüben. Auch Anträge auf Erteilung der Arbeitserlaubnis werden wohlwollend geprüft.

## Artikel 4
## Eigentumsschutz

(1) Jede Vertragspartei gewährt in ihrem Hoheitsgebiet Kapitalanlagen von Investoren der anderen Vertragspartei, die in Übereinstimmung mit ihren Rechtsvorschriften vorgenommen sind, vollen Schutz und volle Sicherheit.

(2) Kapitalanlagen von Investoren einer Vertragspartei dürfen im Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei nur zum allgemeinen Wohl und gegen Entschädigung enteignet, verstaatlicht oder anderen Maßnahmen unterworfen werden, die in ihren Auswirkungen einer Enteignung oder Verstaatlichung gleichkommen. Die Entschädigung muß dem Marktwert der enteigneten Kapitalanlage unmittelbar vor dem Zeitpunkt entsprechen, in dem die tatsächliche oder drohende Enteignung, Verstaatlichung oder vergleichbare Maßnahme öffentlich bekannt wurde. Die Entschädigung muß unverzüglich geleistet werden und ist bis zum Zeitpunkt der Zahlung mit dem üblichen bankmäßigen Zinssatz zu verzinsen, der nicht niedriger sein darf als der LIBOR-Satz. Sie muß tatsächlich verwertbar und frei transferierbar sein. Spätestens im Zeitpunkt der Enteignung, Verstaatlichung oder vergleichbaren Maßnahme muß in geeigneter Weise für die Festsetzung und Leistung der Entschädigung Vorsorge getroffen sein. Die Rechtmäßigkeit der Enteignung, Verstaatlichung oder vergleichbaren Maßnahme und die Höhe der Entschädigung müssen in einem ordentlichen Rechtsverfahren nachgeprüft werden können.

(3) Ein Anspruch auf Entschädigung besteht auch dann, wenn durch staatliche Maßnahmen in das Unternehmen, das Gegenstand der Kapitalanlage ist, eingegriffen und dadurch seine wirtschaftliche Substanz erheblich beeinträchtigt wird.

(4) Investoren einer Vertragspartei, die durch Krieg oder sonstige bewaffnete Auseinandersetzungen, Revolution, Staatsnotstand oder Aufruhr im Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei Verluste an Kapitalanlagen erleiden, werden von dieser Vertragspartei hinsichtlich der Rückerstattungen, Abfindungen, Entschädigungen oder sonstigen Gegenleistungen nicht weniger günstig behandelt als ihre eigenen Investoren. Solche Zahlungen müssen frei transferierbar sein.

(5) Hinsichtlich der in diesem Artikel geregelten Angelegenheiten genießen die Investoren einer Vertragspartei im Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei Meistbegünstigung.

## Artikel 5
## Transfer

Jede Vertragspartei gewährleistet den Investoren der anderen Vertragspartei den freien Transfer der im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage stehenden Zahlungen, insbesondere

a) des Kapitals und zusätzlicher Beträge zur Aufrechterhaltung oder Ausweitung der Kapitalanlage;

b) der Erträge im Sinne von Artikel 1 Nummer 2;

c) zur Rückzahlung von Darlehen, die in bezug auf Kapitalanlagen gewährt werden;

d) des Erlöses im Fall vollständiger oder teilweiser Liquidation oder Veräußerung der Kapitalanlage;

e) der in Artikel 4 vorgesehenen Entschädigungen;

f) Einkünfte aus einer Tätigkeit im Zusammenhang mit einer Kapitalanlage.

## Artikel 6
## Subrogation

Leistet eine Vertragspartei oder ein von ihr beauftragter Dritter ihren Investoren Zahlungen aufgrund einer Gewährleistung für eine Kapitalanlage im Hoheitsgebiet der anderen Vertragspartei, so erkennt diese andere Vertragspartei, unbeschadet der Rechte der erstgenannten Vertragspartei aus Artikel 10, die Übertragung aller Rechte, Ansprüche und Verpflichtungen dieser Investoren kraft Gesetzes oder aufgrund Rechtsgeschäfts auf die erstgenannte Vertragspartei oder den von ihr beauftragten Dritten an. Ferner erkennt die andere Vertragspartei den Eintritt der erstgenannten Vertragspartei oder des von ihr beauftragten Dritten in alle diese Rechte, Ansprüche (übertragene Ansprüche) und Verpflichtungen an, welche die erstgenannte Vertragspartei oder der von ihr beauftragte Dritte in demselben Umfang wie ihr Rechtsvorgänger auszuüben berechtigt ist. Für den Transfer von Zahlungen aufgrund der übertragenen Ansprüche gelten Artikel 4 Absätze 2 bis 4 und Artikel 5 entsprechend.

## Artikel 7
## Durchführung des Transfers

(1) Transferierungen nach Artikel 4 Absätze 2 bis 4, Artikel 5 oder 6 erfolgen unverzüglich in konvertibler Währung zu dem jeweils gültigen Kurs.

(2) Dieser Kurs soll nicht wesentlich von dem Kreuzkurs (cross rate) abweichen, der sich aus denjenigen Umrechnungskursen ergibt, die der Internationale Währungsfonds zum Zeitpunkt der Zahlung Umrechnungen der betreffenden Währungen in Sonderziehungsrechte zugrunde legen würde.

(3) Als "unverzüglich" durchgeführt im Sinne von Absatz 1 gilt ein Transfer, der innerhalb einer Frist erfolgt, die normalerweise zur Beachtung der Transferförmlichkeiten erforderlich ist. Die Frist beginnt mit der Einreichung eines entsprechenden Antrags und darf unter keinen Umständen zwei Monate überschreiten.

## Artikel 8
## Günstigeres Recht

(1) Ergibt sich aus den Rechtsvorschriften einer Vertragspartei oder aus völkerrechtlichen Verpflichtungen, die neben diesem Abkommen zwischen den Vertragsparteien bestehen oder in Zukunft begründet werden, eine allgemeine oder besondere Regelung, durch die den

Kapitalanlagen von Investoren der anderen Vertragspartei eine günstigere Behandlung als nach diesem Abkommen zu gewähren ist, so geht diese Regelung dem vorliegenden Abkommen insoweit vor, als sie günstiger ist.

(2) Jede Vertragspartei wird jede andere Verpflichtung einhalten, die sie in bezug auf Kapitalanlagen von Investoren der anderen Vertragspartei in ihrem Hoheitsgebiet übernommen hat.

Artikel 9

Anwendung des Abkommens

Dieses Abkommen gilt auch für Kapitalanlagen, die Investoren der einen Vertragspartei in Übereinstimmung mit den Rechtsvorschriften der anderen Vertragspartei in deren Hoheitsgebiet schon vor dem Inkrafttreten dieses Abkommens vorgenommen haben. Dies gilt nicht für Meinungsverschiedenheiten, die vor Inkrafttreten dieses Abkommens entstanden sind.

Artikel 10

Meinungsverschiedenheiten zwischen den Vertragsparteien

(1) Meinungsverschiedenheiten zwischen den Vertragsparteien über die Auslegung oder Anwendung dieses Abkommens sollen, soweit möglich, durch die Regierungen der beiden Vertragsparteien beigelegt werden.

(2) Kann eine Meinungsverschiedenheit auf diese Weise nicht beigelegt werden, so ist sie auf Verlangen einer der beiden Vertragsparteien einem Schiedsgericht zu unterbreiten.

(3) Das Schiedsgericht wird von Fall zu Fall gebildet, indem jede Vertragspartei ein Mitglied bestellt und beide Mitglieder sich auf den Angehörigen eines dritten Staates, mit dem beide Vertragsparteien diplomatische Beziehungen unterhalten, als Obmann einigen, der von den Regierungen der beiden Vertragsparteien zu bestellen ist. Die Mitglieder sind innerhalb von zwei Monaten, der Obmann innerhalb von drei Monaten zu bestellen, nachdem die eine Vertragspartei der anderen mitgeteilt hat, daß sie die Meinungsverschiedenheit einem Schiedsgericht unterbreiten will.

(4) Werden die in Absatz 3 genannten Fristen nicht eingehalten, so kann in Ermangelung einer anderen Vereinbarung jede Vertragspartei den Präsidenten des Internationalen Gerichtshofs bitten, die erforderlichen Ernennungen vorzunehmen. Besitzt der Präsident die Staatsangehörigkeit einer der beiden Vertragsparteien oder ist er aus einem anderen Grund verhindert, so soll der Vizepräsident die Ernennungen vornehmen. Besitzt auch der Vizepräsident die Staatsangehörigkeit einer der beiden Vertragsparteien oder ist auch er

verhindert, so soll das im Rang nächstfolgende Mitglied des Gerichtshofs, das nicht die Staatsangehörigkeit einer der beiden Vertragsparteien besitzt, die Ernennungen vornehmen.

(5) Das Schiedsgericht entscheidet mit Stimmenmehrheit. Seine Entscheidungen sind bindend. Jede Vertragspartei trägt die Kosten ihres Mitglieds sowie ihrer Vertretung in dem Verfahren vor dem Schiedsgericht; die Kosten des Obmanns sowie die sonstigen Kosten werden von den beiden Vertragsparteien zu gleichen Teilen getragen. Das Schiedsgericht kann eine andere Kostenregelung treffen. Im übrigen regelt das Schiedsgericht sein Verfahren selbst.

(6) Sind beide Vertragsparteien auch Vertragsstaaten des Übereinkommens vom 18. März 1965 zur Beilegung von Investitionsstreitigkeiten zwischen Staaten und Angehörigen anderer Staaten, so kann mit Rücksicht auf die Regelung in Artikel 27 Absatz 1 des Übereinkommens das vorstehend vorgesehene Schiedsgericht insoweit nicht angerufen werden, als zwischen dem Investor einer Vertragspartei und der anderen Vertragspartei eine Vereinbarung nach Maßgabe des Artikels 25 des Übereinkommens zustande gekommen ist. Die Möglichkeit, das vorstehend vorgesehene
Schiedsgericht im Fall der Nichtbeachtung einer Entscheidung des Schiedsgerichts des genannten Übereinkommens (Artikel 27) oder im Fall der Übertragung kraft Gesetzes oder aufgrund Rechtsgeschäfts nach Artikel 6 dieses Abkommens anzurufen, bleibt unberührt.

## Artikel 11

## Meinungsverschiedenheiten zwischen einer Vertragspartei und Investoren der anderen Vertragspartei

(1) Meinungsverschiedenheiten in bezug auf Kapitalanlagen zwischen einer der Vertragsparteien und einem Investor der anderen Vertragspartei sollen, soweit möglich, zwischen den Streitparteien gütlich beigelegt werden.

(2) Kann die Meinungsverschiedenheit innerhalb einer Frist von sechs Monaten ab dem Zeitpunkt ihrer Geltendmachung durch eine der beiden Streitparteien nicht beigelegt werden, so wird sie auf Verlangen des Investors der anderen Vertragspartei einem Schiedsverfahren unterworfen. Sofern die Streitparteien keine abweichende Vereinbarung treffen, wird die Meinungsverschiedenheit einem Schiedsverfahren im Rahmen des Übereinkommens vom 18. März 1965 zur Beilegung von Investitionsstreitigkeiten zwischen Staaten und Angehörigen anderer Staaten unterworfen.

(3) Der Schiedsspruch ist bindend und unterliegt keinen anderen als den in dem genannten Übereinkommen vorgesehenen Rechtsmitteln oder sonstigen Rechtsbehelfen. Er wird nach innerstaatlichem Recht vollstreckt.

(4) Die an der Streitigkeit beteiligte Vertragspartei wird während eines Schiedsverfahrens oder der Vollstreckung eines Schiedsspruchs nicht als Einwand geltend machen, daß der Investor der anderen Vertragspartei eine Entschädigung für einen Teil des Schadens oder den Gesamtschaden aus einer Versicherung erhalten hat.

Artikel 12

Fortgeltung des Abkommens

Dieses Abkommen gilt unabhängig davon, ob zwischen den beiden Vertragsparteien diplomatische oder konsularische Beziehungen bestehen.

Artikel 13

Dauer und Kündigung des Abkommens

(1) Dieses Abkommen tritt einen Monat nach dem Tag in Kraft, an dem beide Regierungen einander notifiziert haben, daß die innerstaatlichen Voraussetzungen für das Inkrafttreten erfüllt sind. Maßgebend ist der Tag des Eingangs der letzten Notifikation. Das Abkommen bleibt zehn Jahre lang in Kraft; nach deren Ablauf verlängert sich die Geltungsdauer auf unbegrenzte Zeit, sofern nicht eine der beiden Vertragsparteien das Abkommen mit einer Frist von zwölf Monaten vor Ablauf schriftlich kündigt. Nach Ablauf von zehn Jahren kann das Abkommen jederzeit mit einer Frist von zwölf Monaten gekündigt werden.

(2) Für Kapitalanlagen, die bis zum Zeitpunkt des Außerkrafttretens dieses Abkommens vorgenommen worden sind, gelten die Artikel 1 bis 12 noch für weitere zwanzig Jahre vom Tag des Außerkrafttretens des Abkommens an.

(3) Mit Inkrafttreten dieses Abkommens tritt zwischen den Vertragsparteien der am 10. Juli 1989 von der Bundesrepublik Deutschland und der Sozialistischen Föderativen Republik Jugoslawien unterzeichnete Vertrag über den gegenseitigen Schutz und die Förderung von Kapitalanlagen außer Kraft.

Geschehen zu Ohrid am 10. September 1996 in zwei Urschriften, jede in mazedonischer und deutscher Sprache, wobei jeder Wortlaut gleichermaßen verbindlich ist.

**Für die mazedonische Regierung**
**Dr. Taki Fiti, s.r.**

**Für die Regierung der Bundesrepublik Deutschland**
**Dr. Klaus Schrameyer, s.r.**

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".